ии113

НОВА МАКЕДОНИЈА 10. 12. 1997. 18259, 11.

ЛИК ГАЛЕРИЈА

# По Берлин и Лондон – „Сценско око" во Скопје

Во Музејот на современата уметност до 4 јануари ќе трае големата изложба насловена како „Сценско око – ликовната уметност и театарот", реализирана во соработка со Институтот за односи со странство (ИФА) од Берлин. Оваа голема патувачка изложба, која минатата година се отвори истовремено во Берлин и во Лондон, својата премиера ја доживува во Скопје, а во 1998 година ќе биде прикажана во четири јужноамерикански града: Буенос Аирес, Монтевидео, Рио де Жанеиро и Сантјаго.



Ханс Петер Кун: Во средина, 1996

Поставката претставува инсталации, фотографии, слики на паноа, објекти и видео-звучни инсталации на 19 германски уметници. Концептот на изложбата е на германскиот драматург и режисер Волфганг Шторх, кој со неа го истражува новиот однос меѓу театарот и ликовната уметност.

– Ги поканивме и ги предизвикавме ликовните уметници, особено оние без сценографско искуство да се ангажираат во имагинарен дијалог со театарот – изјави Шторх во разговорот пред отворањето на изложбата минатата недела. – Од нив беше побарано да ја согледаат интеракцијата меѓу режијата, поставката, сценографијата, актерите и публиката, без да водат сметка за театарската продукција и нејзините ограничувања. Така се добија ликовни дела, кои стојат независно од театарската сцена и сценографија и можат да се изложат во поставки со слични концепти. Некои од изложените експонати се инспирирани од книжевни дела, некои од музички, но целата изложба е една визуелна манифестација на дијалогот меѓу две уметнички дисциплини во блиска интеракција.

С.Ѓ.